Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 191/0306
22.09 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.08.2023 година, врз основа на примена жалба од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ за Телевизија Сител, го донесе следново:

# МИСЛЕЊЕ

**Телевизијата Сител не ги почитувала етичките стандарди при вклучувањето во живо во вечерните вести на 31 јули 2023 година, и со тоа го прекршила членот 10 од Кодексот на новинарите на Македонија**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 02.08.2023 година, од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ пристигна жалба за нарушување на етичките стандарди при директното вклучување во вечерните вести на Телевизијата Сител, на 31.07.2023 година.

Во жалбата се нагласува дека се работи за вклучување на соговорник директно во вечерните вести на телевизијата емитувани на 31 јули. КВИР центарот посочува дека во ТВ-дневникот на СИТЕЛ, лицето кое се декларирало како организатор на „Илинденски марш“, во своето гостување во дневникот, изнело искази кои може да се категоризираат како имплицитен говор на омраза. Станува збор за реченицата во која соговорникот на новинарот појаснува дека „...за да бидеш дел од коњаницата треба да исполниш некои критериуми, да немаш пороци и да не си од ЛГБТИ+ заедницата“. Притоа, во жалбата се наведува дека новинарот не го препознал овој говор на омраза на соговорникот и не се оградил од него.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, побара одговор од Телевизија Сител. Но, медиумот не достави одговор.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби, со мнозинство гласови утврди дека жалбата е основана и одлучи дека е прекршен членот 10 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 29 август 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата заклучи дека новинарот кој го водел разговорот, но исто така и уредникот во студиото морале да интервенираат кога соговорникот зборувал за тоа дека не примаат луѓе со пороци и во тој контекст ја споменува ЛГБТ заедницата. Тоа се гледа од транскриптот на делот од разговорот:

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

*„Па вака, значи: Илинденскиот марш ги објавува претходно своите планови за работа, и почнуваат подготовките, се распишува оглас, конкурс за коњаници. Таму треба да учествуваат луѓе кои ја сакаат идеологијата, кои ја сакаат Македонија, имаат мерак и љубов да го одбележат Илинден… а да бидам нај искрен, внимаваме да не пуштиме некои кои имаат пороци, и зависности, па нека простат и останатите, ние не поддржуваме ЛГБТИ заедница, се знае дека Илинденскиот марш е Илинденска коњаница, кај што прилега на комитите, Илинденците, така да неколку скалила треба да се помине за да се дојде до онаа фаза кога ќе бидеш примен во Илинденскиот марш“.*

Со самиот факт што соговорникот – организатор на манифестацијата, во разговорот наведува дека меѓу коњаниците има и жени, а потоа вели дека „не ја подржуваат ЛГБТ+ заедницата“, односно не примаат учесници „кои имаат пороци и зависности“, јасно дава до знаење дека сексуалната ориентација ја смета како порок или зависност, поради што припадниците на оваа заедница треба да бидат исклучени од учеството од манифестацијата.

Иако станува збор за програма во живо, задачата на новинарот кој го води разговорот, а особено на уредникот-водител на вестите е од многу важна во контекстуализирањето односно намалувањето на штетата од ваквите директни изјави. Нивна етичка и професионална обврска е да внимаваат да не се изнесуваат вакви изјави, а кога тоа сепак ќе се случи да се обидат да му укажат на соговорникот на непримерноста и дискриминирачкиот аспект на таквата изјава.

*Член 10 од Кодексот на новинарите на Македонија*

*Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка припадност…)*

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595